Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 8, 11 јуни 2008 година

јуни 2008
Штип

СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во научното подрачје животна средина на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето вонреден професор на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ..... 5

**РЕФЕРАТ** за издавање на учебник со наслов „Основи на природните науки” на д-р Снежана Ставрева - Веселиновска, вонреден професор на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ..... 16

**РЕФЕРАТ** за издавање на учебник со наслов „Здравствено воспитание” на д-р Снежана Ставрева - Веселиновска, вонреден професор на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ..... 18

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник по предметот Трговско право на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ..... 20

Издавач:
Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТОТ ТРГОВСКО ПРАВО**
**НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ**
**УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, на седница одржана на 1 април 2008 година, донесе Одлука (бр. 02/0-67/29) за формирање на Рецензентската комисија во состав:

1. д-р Стеван Алексоски - редовен професор
2. д-р Ванчо Стојчев - вонреден професор
3. д-р Трајко Мицески - редовен професор

за избор на кандидатот **проф. д-р Милан Илиески, во звање насловен вонреден професор по предметот Трговско право** на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, По разгледување на приложените материјали и преземените активности, согласно законот и актите на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Комисијата го поднесува следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот конкурс во весникот „Нова Македонија“, објавен на ден 15.3.2008 година за избор на наставник во насловно звање по предметот Трговско право се пријави кандидатот проф. д-р Милан Илиески, доктор на економски науки, вработен на Факултетот за економски науки - Скопје, вонреден професор од научните области трговско право и меѓународно трговско право.

Врз основа на член 142 од Законот за високото образование и член 131 од Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Рецензентската комисија ги разгледа пристигнатите документи и констатира:

а) Милан Илиески - доктор на науки од областа на економските науки, навремено достави пријава со потребните документи во предвидениот рок утврден во конкурсот.

Условите по објавениот конкурс ги исполнува во целост.

Пријавата на кандидатот ја проучивме и ја утврдивме следнава состојба:

***Биографски податоци***

Кандидатот **Милан Илиески** е роден во Прилеп 1944 година. Во Прилеп, со одличен успех го завршува основното и средното образование - гимназија. Во 1969 година завршува Правен факултет во Скопје. Во 1976 година го положува правосудниот испит во Скопје. Во 1989 година на Правниот факултет во Скопје се стекнува со звање магистер на правни науки, насока Граѓанско право. Во 1996 година се стекнува со научно звање доктор на науки од областа на економските науки.

***Работно ангажирање***

Својот работен стаж го започнува во Економското училиште во Прилеп како професор по предметите Право за економисти и Организација на претпијатијата. Од октомври 1972 година до април 1979 година е асистент на Високата економска школа, подоцна Економски факултет, во Прилеп, со право на настава по предметите: Право за економисти и Меѓународно стопанско право.

Во 1979 година се вработува како републички секретар на Републичкиот општествен совет за прашања од политичко-правно и економско уредување. Како секретар на Советот бил член на повеќе републички и сојузни комисии за подготвување на прописи од областа на правото и економијата. Кандидатот бил член на координативниот одбор на републички и покраински совети за политичко-правно и економско уредување во Белград, во два мандата (осум години).

Членува во Сојузниот координативен одбор на СФРЈ, во чиј состав беа првите личности на државната власт и врвни научни авторитети кои учествуваат во решавање на отворените и начелни прашања од уставно-правен карактер, во делот за економско-правните односи.

Учествува во подготвувањето на уставните амандмани на Уставот на СФРЈ и СРМ од 1974 година, донесени од 1979 година до 1990 година и подготовка на сојузни и републички закони од областа на стопанството.

Во 1989 година е вработен во Извршниот совет на Македонија како помошник секретар по прашања од управно-правна проблематика.

Во 1995 година завршува менаџерски курс пред професори од Универзитетот Линколн, Небраска, САД, од областа на менаџмент во стопанството.

Бил предавач на Американскиот интернационален центар во Охрид во јуни-јули 1996 година од областа на економско-правните науки (тема: *Некои отворени прашања во изградбата на правниот систем и економските промени на Македонија како земја во транзиција*. Слушатели беа магистранти и докторанди од САД и РМ).

Бил експерт на Светска банка во периодот од 1996 до 1998 година од областа на економско-правните аспекти на земјоделието и водостопанството како примарни дејности, а во смисла на нова земјоделска и водостопанска политика, изразена преку нови прописи во согласност со новиот устав и новиот облик на економската политика, како основа на целокупниот општествен развој на Македонија. Во Белата куќа на Европската унија од 1996 година на Македонија ѝ се препорачува да даде приоритет на развојот на земјоделието и водостопанството и да изврши реформа на прописите во смисла на пазарно користење и трговско работење со нив.

Учествувал во неколку меѓународни конференции (Белград, Солун, Анталија, Скопје, Охрид, Нови Сад).

Кандидатот Илиески во Владата на Р. Македонија бил претседател на четири државни комисии за прашања од областа на правото и бил арбитер во постојаниот арбитражен суд и јавен обвинител во Стопанска комора на Македонија (два мандата).

Кандидатот Илиески бил суперконтролор на процесот на приватизација на општествениот капитал во претпријатијата како политички процес на нова организација на стопанството во Македонија.

Илиески е претседател и потпретседател на Управниот одбор на две акционерски друштва со странски капитал (со 970 и со 431 вработени), а сега е потпретседател на Надзорниот одбор во двете друштва.

Бил консултант на мултинационална компанија Метал-Сивас-ГМБХ-Франкфурт од Германија и Стил-мет компанија од Виена, секретар на Правниот совет во Владата на Македонија и член на Економскиот совет во Владата на Р. Македонија.

Од 1 септември 2003 година е доцент на Факултетот за општествени науки, односно Факултетот за економски науки по предметите Трговско право и Меѓународни трговски договори, а од 12 март 2007 година е избран во звањето вонреден професор по предметите Трговско право и Меѓународни трговски договори на Факултетот за економски науки во состав на Европскиот универзитет - Република Македонија (Согласно Рефератот за избор на наставник, објавен во Билтен на Факултетот за економски науки во состав на Европскиот универзитет - Република Македонија, бр. 01/06 од 8.11.2006 г. и Одлука

бр.03/086 од 12.3.2007 г. од Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки во состав на Европскиот универзитет - Република Македонија).

Рецензент е на повеќе научни трудови, елаборати, програми и на универзитетски наставници и соработници.

**Список на трудови**

Пред изборот за доцент, кандидатот д-р Милан Илиески приложува список од 31 научни и стручни трудови, од кои 4 се научни материјали, 28 се стручни материјали и список од 15 публикации.

Трудовите се презентирани на меѓународни собири и се објавени во реномирани стручни списанија, весници и зборници.

Иако дел од трудовите носат белег на публицистичка и научноистражувачка дејност, со лесен стил и јазик секогаш во нив е присутно економско-правно размислување и расудување, со цел за прогресивна промена и нови прогресивни идеи во областа на економско-правната наука, а посебно трговското право и трговските договори.

***Книги***

- Економските и правните аспекти на водите, Скопје 1998 г.
- Преглед на развојот на водостопанската политика на Македонија, книга 2, 1995 г.
- Правно-институционална поставеност на природните ресурси, со посебен акцент на водните ресурси, организирање и управување, 1996 г.

***Издадени книги:***

- Трговско право, учебник, 2007 г., Европски универзитет, Скопје;
- Меѓународно договорно право, учебник.

***Други трудови и презентации:***

- Одбрани теми од уставното право, авторизирани предавања;
- Воведна тема на меѓународно советување (организатор ЕУ) во Охрид, мај 2003 г.;
- Хармонизацијата на македонското право со европското право, со посебен аспект на користењето на природните ресурси, Зборник на трудови и др.

***Позначајни написи, статии и реферати на конференции и советувања:***

- Хармонизација на македонското право со европското право, со посебен акцент на економско-правните односи;
- Критична анализа на функционирањето на политичкиот систем на Југославија (со 16 сепарати, од кои секој е посебен за различни области), коавтор, Белград, 1985 г.;
- Политички советник на политичкиот маркетинг – финансиски аспекти, Скопје, 2004 г.;
- Бирократија и технократија, Скопје, 1982 г.;
- Хармонизација на македонското право со правото на Европската унија, уставно-правен карактер на прописите, Скопје, 2004 г.;
- Денационализација во Македонија, правни основни норми и последици, Скопје, 1997 г.;
- Трансформација на општествениот капитал на претпријатијата и запишување на правото на сопственост на катастарот, Скопје, 2001 г.;
- Отворени прашања на правниот систем на Македонија, како земја во транзиција, Скопје, 1996 г.;

- Економски и демографски реформи, Скопје, 1998 г.;
- Проблеми во изградба на правниот систем на Македонија, со усогласувањето на директивите на ЕУ, 2006 г.;
- Републички совети во Македонија – уставен основ, Скопје, 2002 г.;
- Написите се одржани во посебен список и се приложени на Факултетот.

***Настапи на ТВ и разни јавни собири***

- На МТВ – Скопје документарна емисија во три дела за економски и правни последици од користење на меѓународните води на Македонија – Скопје, 2002 година.
- Настапи на МТВ, Скопје, на тема *Економско правно и политичко значење на водите во РМ*, 2002.
- Телевизија Белград и Нови Сад за критичка анализа на функционирање на политичкиот систем на Југославија, сепарат за правниот систем, 1988 година.
- Реферати на повеќе домашни и меѓународни конференции и семинари (Анталија, Меѓународна конференција на министри од 17 држави во 1996 година, како експерт на Светска банка, Охрид, Струга, Солун, Скопје и др.)

**Приказ на позначајни трудови**

***Економските и правните аспекти на водите***

Овој труд претставува редефиниран и дополнет текст на докторската дисертација на кандидатот, посветена на политичкото и економско-правното значење на водите во едно општество, со посебен акцент на водите како фактор за развој воопшто.

Книгата претставува прв правен и економски омнибус во Македонија за водите како неопходна, најскапа и незаменлива природна материја за животот на граѓаните и стопанското работење.

Во трудот на јасен и разбирлив јазик зборува за сите аспекти, а посебно за правните и економските односи, од причина што водите во Македонија се меѓудржавни; користењето и распределбата се многу чувствителни, а евентуалните кавги се најчесто многу жестоки и се причина за економски блокади и војни, и завршуваат со политички документи и меѓународни договори.

Науката предупредува дека во блиска иднина, по 2005 година настапува ера на војни за води, ера на жед и затоа светските конференции, советувања и семинари во многу меѓународни организации и во државите се сè почести, односно водите како природен ресурс и објект на правото во своето политичко значење избиваат на врвот на политичкиот интерес.

Според авторот, водите сами си го одредуваат своето место во правниот систем на една држава, а не обратно. Оттука и уставите го утврдуваат нивниот статус и посебна заштита и нивниот режим на користење, употреба и располагање, упатува да се утврди само со закон.

Овие закони по своето значење имаат политичко-правен карактер во современите демократски држави. Текстот во книгата опфаќа повеќе општи прашања од науката, од аспект дали водите се стока и предмет на трговијата.

**Политички советник, функции и значење во политичкиот маркетинг – финансиски аспекти во Македонија**

Определувајќи се за политичките институции, односно политичкиот систем како поврзан и целосен систем на политичките институции и како предмет на науката за уставното право, оваа тема, пишува авторот, е неначната во Македонија, а многу

применувана во изборните кампањи во современите демократски држави. Политичкиот советник е диригент на големиот оркестар составен од разни профили. Од уставно-правен аспект постои основа кај нас во РМ, но имаме недоволна разработка во прописи, авторот понудува идеи, предлози и апел за примена, бидејќи овозможува ефикасно, легално и поекономично доаѓање до целта, освојување на политичката власт за политичките субјекти.

***Отворени прашања и предлози за постоење на економско-правни совети на Македонија***

Во трудот станува збор за советодавна државна институција, составена од личности од политиката, науката и струката.

Оваа структура на составот на Советот, пред сѐ на личности од позицијата и опозицијата и помалите партии и одредени здруженија на граѓани повикани по потреба што ќе зависи од темите за расправа во советите за правно-економски прашања, ќе овозможува демократска расправа за отворените и начелни прашања по одделни закони и други документи.

На оваа основа, оваа демократска расправа во институционалното тело, ќе се доставуваат мислења и предлози до Претседателот, Парламентот, Владата и други политички институции. На овој начин и седниците во парламентот ќе бидат поефикасни, пократки, а во краен случај и поекономични, а одговорноста за нивното извршување е на поширок круг на субјекти.

Современата демократска држава, каква што треба да биде Македонија, не смее да го апстрахира опкружувањето во кое функционираат политичките институции, да се задоволни со апстрактни опишувања на правните норми, без на едно место во една државна институција – Совет (кој го имаат сите членки на ЕУ и ЕУ во Брисел) да се расправа по значајни стратешки прашања од национален интерес за Македонија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложените материјали, разгледувајќи ја наставно-образовната и научноистражувачката активност на пријавениот кандидат по предметот Трговско право, Комисијата едногласно му дава доверба на кандидатот **м-р Милан Илиески.**

Релевантноста и респективноста на претходниот став во експлицитна форма може да се аргументира со следниве индикатори.

Кандидатот д-р Милан Илиески со својот беспрекорен ангажман во наставниот процес одржува настава и испити под контрола на предметниот наставник во својство на асистент, подоцна и како предавач на разни школи, универзитетски центри, а сега како вонреден професор во научните области трговско право и меѓународно трговско право на Факултетот за економски науки во состав на Европскиот универзитет – Република Македонија, така и со целокупниот творечки опус се промовира во личност која во себе подеднакво инкорпорира педагог, истражувач и научник.

Своите научни и стручни сознанија, кандидатот ги применува и во праксата во демократските форми на органите на власта во Македонија. На тој начин се потенцирани и докажани неговите квалитети за комуникација, тимска работа и практична примена на современите теоретски текови во областа на економско-правните науки.

Креативната љубопитност, темелниот пристап, систематичноста и особено високата професионална свест во извршување на поставените задачи, се основни особини што го изразуваат интелектуалниот код на д-р Милан Илиески, кој одамна ги надминал научните детерминираности на својата средина со широкиот радиус на владеење со

научната област, што му овозможува континуирана комуникација со пошироката светска научна јавност.

Во таа смисла, д-р Милан Илиески своите искуства и стекнатите сознанија од учество на меѓународни проекти за потребите на Светска банка на светските меѓународни конференции, советувања, семинари и трибини, ги користи да ги имплементира во нашата средина.

Ако се земе предвид дека во неговата сфера на интерес во трговското право и договорите е и следење и проучување на транзиционите процеси во земјава, како политички процес од една страна и следење и имплементирање на интернационалните параметри за економско-правниот процес и функционирање на политичкиот систем и утврдување на валоризација на природните ресурси, како основен и незаменлив фактор за економски развој на една држава, што недвосмислено јасно е афирмиран во неговата книга „Водите и економско-правни аспекти“, како прв омнибус во Македонија од оваа област, а по издавањето на неговите книги „Трговско право“ и „Меѓународни трговски договори“ директно се поврзани за предметот за кој конкурира. Д-р Милан Илиески го легитимира како научник кој дава непроценлив придонес не само во трговското право во Македонија, туку и во однос на целокупната општествена научна мисла.

Кон ова треба да се додаде дека д-р Милан Илиески има голем број на јавни настапи во публикации, во дневни весници, списанија, ТВ за популарно претставување на прашања и проблеми од неговиот научен опус.

Земајќи го предвид широкиот дијапазон на интерес и активности како личност, наставник и истражувач, впечатокот за исклучителноста на неговиот интелектуален изглед е неоспорен.

Кандидатот д-р Милан Илиески има исклучително богата активност во сите сфери на наставно-научната дејност, научноистражувачката и апликативно-раководната активност.

Поради наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, **д-р Милан Илиески** да го избере за наставник по предметот Трговско право, во звање насловен вонреден професор, согласно објавениот конкурс.

**Рецензентска комисија:**

**Д-р Стеван Алексоски, редовен професор, с.р.**

**Д-р Ванчо Стојчев, вонреден професор, с.р.**

**Д-р Трајко Мицески, редовен професор, с.р.**